**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1103-249/5**
**Скопје, 26.06.2006 година**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерството за образование и наука - Сметка за средства од Буџетот на РМ, за 2005 година, кои се прикажани на страните 12 до 14.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на Министерството за образование и наука за 2003 година и ревизијата не изразила мислење.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Азиз Положани , Министер

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 11, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 01.03.2006 до 26.05.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:

   - Танка Блажевска, Помошник ГДР и Овластен државен ревизор;
   - Лилјана Попчева, Виш ревизор;
   - Сашко Геразов, Ревизор;
   - Милан Ракиќ, Ревизор;
   - Марина Величковска, Ревизор за легислатива;

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. На ден 15.06.2006 година со писмо број 1104-249/4 доставени се забелешки по Претходниот извештај на овластениот државен ревизор. Истите се разгледани и е констатирано следното:
    - Забелешката по точките 10.1.5 и 10.5 алинеа 5 се прифакаат заради доставени дополнителни докази кои не беа презентирани во текот на ревизијата, заради што истите ке бидат иземени од Конечниот извештај;
    - Забелешката по точката 10.1.4 делумно се прифака и наодот ке биде изменет во Конечниот извештај;
    - Забелешките по точките 10.1.1, 10.1.2, 10.1.3 , 10.2.1 и 10.5.1 алинеа 1 не се прифакаат затоа што не се доставени нови докази кои ги оспоруваат наодите на ревизијата;
    - Забелешките по точките 10.1.6, 10.1.8., 10.1.9. и 10.4.1. кои претставуваат известување за превземените мерки и активности за спроведување на препораките од ревизијата, не се прифакаат како забелешки на утврдените состојби во Претходниот извештај. Истите се предмет на посебна постапка регулирана со Законот за државна ревизија согласно кој Државниот завод за ревизија треба да се извести за сите превземени мерки во рок од 90 дена по издадениот Конечен извештај .

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

11.1. **Неправилна примена на акти**

11.1.1. Спротивно на Законот за буџетите, Министерството за образование и наука, по донесувањето на Буџетот на РМ не доставило извод од годишниот финанасиски план по сметки, по програми и ставки на одделните единки корисници за утврдување на правото на дел од средствата за обавување на дејноста со што ги оневозможило единките корисници да донесат свој финансиски план за намените за кои ќе ги користат средствата. Заради ваквиот начин на работење ревизијата не е убедена во примена на објективни мерила и критериуми за распоредување на средствата по единки корисници ниту во нивното наменско користење.

11.1.2. Во Министерството за образование и наука носени се акти исклучиво врз основа на членот 55 од Законот за организација и работа на органите на државната управа што упатува на негова примена како дискреционо право на Министерот да донесува одлуки и решенија наспроти пропишаното со

истиот Закон. Имено, според одредбите од овој член министерот донесува правилници, наредби, упатства, планови, програми, решенија и други видови акти за извршување на законите и други прописи, но кога за тоа е овластен со закон, што значи дека секој донесен акт кој не е во согласност со важечките законски прописи може да има за ефект неоснована исплата на средства.

11.1.3. Непочитувањето на одредени законски прописи/одлуки/договори во работењето на Министерството за образование и наука, а заради вршени исплати по донесени решенија од страна на Министерот има за ефект ненаменско трошење на буџетски средства и тоа:

- на Југоисточно европскиот универзитет во Тетово за покривање на трошоците за запишување на студенти исплатени се 2.000 илјади денари, иако од Министерството за финансии не е добиено позитивно мислење ниту се работи за финансирање на студиски програми за кои Владата на РМ утврдува дека има интерес за задоволување на одредени потреби во остварувањето на високообразовната дејност што ја вршат приватните високообразовни установи во согласност со Законот за високо образование;
- исплатени се стипендии за странци без да се донесе акт од страна на Министерот за утврдување на критериуми и постапка за доделување на стипендии на странци што е спротивно на Законот за ученички и студентски стандард. По овој основ од сметката на Министерството се исплатени 540 илјади денари за стипендисти од Р.Албанија и 672 илјади денари за стипендисти од Кина, Р.Бугарија, Хрватска кои што се исплатени преку сметките на факултетите. Ревизијата не утврди врз основа на кои критериуми некои стипендии се исплатуваат од сметката на Министерството, а други преку сметките на факултетите;
- покрај исплатата на стипендии за последипломски студии на лица кои што се определени врз основа на Одлуката за доделување на стипендии за последипломски студии и стипендии за стекнување на докторат во учебната 2003/2004 год што на предлог на Комисијата за избор ја донесува Министерот, ревизијата утврди и исплати врз основа на посебно Решение за доделување на стипендија за последипломски студии за учебната 2003/2004 година донесено од страна на Министерот. Врз основа на споменатото Решение вршени се исплати на стипендии за последипломски студии на 7 лица кои што не ги исполнуваат условите односно немаат постигнато просечен успех од најмалку 8,5 во согласност со Правилникот за утврдување на услови и критериуми за доделување на средства за создавање на научно-истражувачки кадри , за што се сплатени 432 илјади денари;
- предвремена исплата на стипендии за последипломски студии во износ од 1.246 илјади денари за месеците од јануари до март / 2006 година што упатува на нерационално трошење на средства во согласност со Законот за извршување на буџетот ;
- спротивно на Одлуката за определување на правото на користење на службен мобилен телефон и за ограничување на износот на сметката во Министерството не е вршен надомест на разликата од страна на одредени лица како заменикот министер, државниот секретар, шефот на кабинет, раководители на сектори и возач што има за ефект ненаменски исплатени средства во износ од 483 илјади денари;
- вршени се исплати на сметки за мобилни телефони за три лица ангажирани по договор на дело во износ од 174 илјади денари иако во договорите за дело истото не е предвидено;

- ангажирање на професори од државни универзитети по договор за дело на раководни работни места кои се предвидени со актот за систематизација, спротивно на Законот за облигациони односи и Законот за работни односи, како и нивно вклучување во работни групи и комисии за што се исплакани дополнителни надоместоци;
- исплата на закупнина за стан за заменикот министер во повисок износ од 75 евра месечно од утврдениот со Одлуката од Владата на РМ.

11.1.4. Ревизијата не е убедена дека изборот на училиштата за изградба и реконструкција застапени во Програмата за инвестициона изградба и тековно одржување на училишните објекти е извршен врз основа на објективно воспоставени критериуми, а во согласност со реалните потреби на училиштата, ниту во реалноста на истата од аспект на буџетираните средства заради тоа што: не постојат пишани постапки и критериуми за начинот на подготвување и реализација на програмата .

При подготвувањето на Програмата не е генерално утврдено дали истата ке ги содржи само новите инвестиции или и започнатите и завршените во претходната година, за кој се вршат исплати по времени ситуации во тековната година

Ревизијата не беше во состојба да го утврди износот на пренесените обврски од претходната година заради непостоење на евиденција на обврските спрема добавувачите во финансиското сметководство и заради вршени исплати по времени ситуации без датум. Утврдено е отсуство на критериум за тоа дали постапката за избор на изведувач ке ја спроведува Министерството или училиштето самостојно што подразбира префрлување на средствата на училиштето наместо на изведувачот.

Во Министерството за образование и наука постои Сектор за инвестиции кој доставува предлог програма , која ја донесува Министерот што во услови на недефинирани критериуми остава можност за субјективен избор и фаворизирање на одредени училишта во однос на останатите заради што ревизијата не е убедена ниту во наменското, рационалното и економичното трошење на средствата за изградба и реконструкција на објекти во износ од 207.500 илјади денари во согласност со Законот за извршување на буџетот

11.1.5. Спротивно на Уредбата за издатоци за службени патувања и селидби во странство што на органите на управата им се признаваат во тековни трошоци не се изготвувани Решенија за службени патувања во странство кои што покрај другите елементи ќе содржат и податок за тоа дали трошоците за сместување и исхрана се на товар на организаторот или на товар на Министерството. Заради наведеното, ревизијата не е убедена дека исплатените дневници во висина на 50 % од дневницата утврдена во Решението за највисоки износи на дневници за службени патувања и селидби во странство што на органите на државната управа им се признаваат во тековни трошоци, а извршени без приложена сметка за хотелско сместување се реални бидејќи неприложената сметка за сместување може да значи освен покриени издатоци за сместување и покриени издатоци за исхрана од страна на организаторот што подразбира исплата на дневница во висина на 20 % од утврдената во Решението.

11.1.6. Спротивно на Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство што на органите на државната управа им се признаваат во тековни трошоци, патните налози не се ликвидираат во законски утврдениот рок што има за ефект користење на државни средства од страна на поединци. во износ од 540 илјади денари.

Од анализите што ги направи ревизијата утврдено е дека патните налози за службени патувања во странство се ликвидираат со задоцнување од по неколку месеци , а дел од неликвидираните аванси се подигнати во текот на 2004 година.Така 313 иљади денари од овие средства се исплатени аванси на Министерот од кои што 173 иљади денари се исплатени во текот на 2004 година и не се ликвидирани до крајот на 2005 година.

11.1.7. Спротивно на Законот за поттикнување и помагање на техничката култура Министерството не склучува договори со корисниците-здруженија на граѓани на кои им е доверено вршење на јавно овластување од страна на Министерството што ги доведува корисниците во неповолна положба од аспект на планирањето на средствата кои што ке бидат финансирани од страна на Министерството и отвора можност за манипулации во однос на висината на износот по одделни корисници. Во 2005 година по овој основ се префрлени средства од Министерството во вкупен износ од 8.254 иљади денари.

11.1.8. Ревизијата не е убедена дека средствата за исплата на стипендии и кредити за ученици и студенти во вкупен износ од 209.674 иљади денари се искористени рационално и економично во согласност со Законот за извршување на буџетот за 2005 година затоа што :

- не постојат прецизни критериуми за избор што ја доведува во прашање принципиелноста, коректноста и објективноста на постапката на избор;
- не постои документација за спроведената постапка на избор и
- не е постапено според условите наведени во конкурсот за доделување на стипендии за ученици.

Со Законот за ученички и студентски стандард утврдени се основните критериуми за доделување на стипендии, но не е прецизирано дали за доделување на стипендија кандидатот треба да ги исполнува сите наведени услови или е доволно да исполнува само еден од наведените. Во услови на непрецизна законска регулатива Министерството нема ниту интерен акт во кој што ке бидат пропишани постапките и начиниот на доделување на стипендии и кредити.Така во објавениот конкурс за стипендирање на ученици и студенти и доделување на студентски кредити за учебната 2004/2005 година единствен објавен критериум за избор е постигнатиот успех во образованието, а помеѓу потребните документи за аплицирање е наведена и потврда за остварени приходи на вработени членови во семејството. Вклучувањето на алтернативен критериум за избор кој не е транспарентно објавен во конкурсот, не лимитиран број на стипендии што ќе се доделат, а ограничени буџетски средства за таа намена ја доведува во прашање коректноста на целокупната постапка на избор.

Во Министерството за образование и наука формирана е Комисија за доделување на стипендии, но истата не ги исполнила обврските за избор на кандидати утврдени со решението за нејзино назначување. Проверката на документацијата од аспект на исполнување на условите од конкурсот се врши единствено од страна на вработените во одделението за ученички и студентски стандард, кој доставуваат список на кандидати до комисијата. На ревизијата и беше даден на увид записник од комисијата во кој е наведен само вкупниот број на доделени стипендии и кредити, што не е доволен доказ за направениот избор по лица и критериуми утврдени со конкурсот. Комисијата исто така не ја утврдува исполнетоста на условите за продолжување на стипендиите од претходните години што остава простор за субјективизам и манипулации. Ваквиот начин на работење не дава разумно уверување за објективноста на списоците врз основа на кои

се вршат исплати, а отсуство на документација и неможноста за споредби укажува и за слабиот систем на интерни контроли. И покрај тоа што ревизијата не можеше да ги согледа активностите на комисијата, таа примила и надомест за своето работење.

Спротивно на објавениот конкурс за учебната 2004/2005 година во кој што се предвидени 500 стипендии за ученици, Комисијата доделила 650 стипендии. Ревизијата направи увид во досиеата и утврди дека од вкупно пријавените ученици помалку од 500 ги исполнувале условите, но заради повисокиот износ на одобрените средства со буџетот доделени се стипендии и на ученици кои не ги исполнуваат условите односно немаат доставено диплома за освоено прво место на државен натпревар во струката што ја изучуваат.

11.1.9. Спротивно на договорите за доделување на стипендии за последипломски студии во кои што е предвидено враќање на стипендиите од страна на корисникот кој нема да достави документ дека положил најмалку ½ од предвидените испити од прва година и се запишал на втора година на студии најдоцна до рокот наведен во договорот и кој за време од 5 години нема да магистрира, Министерството за образование нема воспоставени постапки и процедури за имплементација на оваа одредба од договорот што има за ефект неосновано и ненаменско одлевање на буџетски средства за финансирање на поединци.

**Препораки и мерки**

1. По донесувањето на Буџетот на РМ, Министерството за образование и наука да достави извадок од годишниот финанасиски план по сметки по програми и ставки, во кој се содржани средствата наменети за одделните единки корисници во согласност со Законот за буџетите.
2. Министерот на Министерството за образование и наука да донесува правилници, наредби, упатства, планови, програми, решенија и други видови акти за извршување на законите и други прописи, само кога за тоа е овластен со закон При изготвувањето на актите на Министерството во преамбулата покрај членот 55 од Законот за организација и работа на органите на државната управа да се наведуваат и конкретните законски прописи од кој што произлегува основот за нивното донесување.
3. Министерот на Министерството за образование и наука да одобрува исплати на средства кои што се во согласност со законските прописи/одлуки/договори со што ќе се обезбеди и наменско трошење на средствата во согласност со Законот за извршување на буџетот .
4. Во услови на ограничени буџетски средства наменети за изградба и реконструкција на училишни објекти наспроти различните потреби на училиштата неопходно се наметнува потреба од утврдување на постапки и критериуми за подготвување на Програмата за инвестициона изградба и тековно одржување на училишните објекти и за распределба на средствата по единки корисници, со што ќе се отстрани можноста од донесување на субјективни одлуки, фаворизирање на поодделни училишта и истовремено ке се обезбеди транспарентност на постапката на избор на училиштата што ке бидат опфатени со Програмата.
5. Министерот , да донесува Решенија за службен пат во странство кој што ке ги содржат сите елементи предвидени со Уредбата за издатоци за службени патувања и селидби во странство што на органите на управата им се признаваат во тековни трошоци, а во сметководствената евиденција со патните налози да се приложува и доставената покана од организаторот

од која што недвосмислено ќе може да се утврди на чиј товар паѓаат трошоците за службеното патување.

6. Раководителот на сметководство да превземе мерки за информирање на вработените во однос на рокот за поднесување на патните налози кој што во согласност со Уредбата изнесува 7 дена од денот кога службеното патување е завршено. Навременото поднесување на патните налози ќе има за ефект навремено ликвидирање на исплатените аванси.
7. Министерството да склучува договори со корисниците во согласност со Законот за поттикнување и помагање на техничката култура и во истите да биде наведена висината на износот со кој што Министерството во тековната година ќе учествува во реализацијата на Програмата на здружението.
8. Заради непрецизната законска регулатива Министерството за образование и наука да донесе интерен акт во кој што ќе се дефинира постапката и начинот на доделување на стипендии за ученици и студенти и студентски кредити. При тоа критериумите за избор објавени во конкурсот да бидат јасни, прецизни и транспарентни и да се почитуваат во постапката за избор. Исто така, по извршениот избор од страна на Комисијата да се изготвува Одлука за избор на лица врз основа на која што ќе се вршат исплатите.
9. Да се воспоставаат постапки за примена на одредбите од Договорите за доделување на стипендии за последипломски студии што се однесуваат на враќање на стипендиите од страна на корисниците кои не ги исполниле условите наведени во договорите.

## 11.2. Неправилна примена на сметководствените политики и начела

:

11.2.1. Во финансиското сметководство на Министерството за образование и наука не е воспоставена евиденција на Обврските спрема добавувачите ниту се води книга на влезни фактури што е спротивно на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Заради не евидентирањето на обврските спрема добавувачите потценети се позициите Обврски спрема добавувачите и Активни временски разграничувања во Билансот на состојбата и оптоварен е буџетот на Министерството за камати за ненавремено плаќање на обврските и судски трошоци Така во 2005 година врз основа на судски решенија се исплатени 19.075 илјади денари од сметката на Министерството. Кон финансиската документација на Министерството не се приложени ниту судските решенија ниту фактурите врз основа на кои што е настанат долгот што отвора можност за повторно плаќање на веќе наплатените обврски по судски пат. Ваквото работење ја доведува во прашање и реалноста на доставените податоци до Министерството за финансии за состојбата на ненамирените обврски на крајот на годината во согласност со Законот за буџетите

**Препораки и мерки**

1. Раководителот на сметководството да обезбеди воспоставување на аналитичка евиденција на Обврските спрема добавувачите како и да се воведе книга на влезни фактури во согласност со Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. За обврските кои се наплатени по судски пат.да се приложуваат фактури во сметководствената евиденција.

.

## 11.3. Неправилности во искажување на приходите/расходите

11.3.1. Ревизијата не е убедена во реалноста и објективноста на исплатените плати на наставниците во странство од ставката - Плати наемнини и надоместоци во износ од 6.540 илјади денари затоа што спротивно на Правилникот за основите и мерилата за утврдување на платите и надоместоците на плати на наставниците за вршење на воспитно-образовна дејност во странство и за финансирање на заедничките трошоци на таа дејност:

- не е донесена Одлука за утврдување на стартниот дел на нето платата за полно работно време изразен во износ на соодветната валута за поедини странски земји и Решение за утврдување на надоместокот по час;
- не се доставуваат извештаи од страна на наставниците до Бирото за развој на образованието и
- исплатата на патни трошоци не се врши тромесечно.

Заради недонесувањето на актите кои произлегуваат од Правилникот ревизијата не е убедена дека платите за сите наставници во странство се утврдени врз основа на објективни критериуми.

**Препораки и мерки**

1. Министерот на Министерството за образование и наука да донесе Одлука за утврдување на стартниот дел на нето платата за полно работно време изразен во износ на соодветната валута за поедини странски земји и Решение за утврдување на надоместокот по час во согласност со Правилникот. Поединечните Решенијата за утврдување на висината на платата да бидат усогласени со овие акти и исплатата на платите да се врши врз основа на донесените Решенија. Исто така, да се обезбеди почитување и на останатите одредби од Правилникот во однос на исплатата на патни трошоци како и во однос на доставување на Извештаи од страна на наставниците.

### 11.4. Неправилности во искажување на билансните позиции

11.4.1. Ставката Материјални средства во Билансот на состојба не е реално и објективно прикажана бидејки заради не завршениот попис во законскиот рок со состојба на 31.12.2005 година, не е извршено усогласување на сметководствената состојба на средствата и нивните извори со фактичката состојба утврдена со пописот и заради евидентирање на средства во износ од 724 илјади денари кои што се набавени за други органи на управа, за кој што износ е преценета оваа ставка, спротивно на Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници .

Ревизијата е должна да укаже дека со ревизорскиот извештај за 2003 година констатирано е дека не е спроведен попис на материјалните средства за таа и за претходните две години заради што Министерот во текот на 2003 година формирал комисии за вршење на вонреден попис на средствата и нивните извори со состојба на 31.12.2002 година. Не сме убедени дека овие комисии ја завршиле својата обврска заради неусогласеност на пописот со сметководствената состојба во законскиот рок. Во текот на ревизијата завршен е физичкиот попис на опремата, подготвен е извештај од страна на Комисијата за попис и донесени се решенија од страна на министерот врз основа на предлозите на комисијата, но истите не се спроведени во аналитичката евиденција на материјалните средства на Министерството и не е извршено усогласување на сметководствената со фактичката состојба на средства.

**Препораки и мерки:**

1. Решенијата донесени од страна на Министерот врз основа на предлозите од Комисијата за попис да се спроведат во аналитичката , материјална евиденција на основните средства и утврдените состојби да се спроведат и во финансиското сметководство на Министерството.

### 11.5. Ненаменско и незаконско користење на средствата

11.5.1. Ревизија утврди дека средствата во износ од 3.352 илјади денари не се искористени наменски, рационално и економично во согласност со Законот за извршување на буџетот за 2005 година заради извршените исплати по следните основи:

- за учество во комисии на вработени лица исплатени се средства во износ од 2.065 илјади денари за вршење на работи кои според описот во актот за систематизација на работни места би требало да спагаат во редовни работни обврски како изготвување на консолидирани завршни сметки, изготвување на акт за организација и систематизација, работа на доделување на стипендии за ученици и студенти, работа на одредени законски решенија, подготовка на правилници и сл;
- договори за дело во кои што не е наведен основот на ангажирање на лицата како и  исплати на лица ангажирани по договор за дело за работа на посебни Проекти што треба да бидат предмет на исплата од други сметки потрошени се средства во вкупен износ од 468 илјади денари;
- за финансирање на собири и манифестации, намени кои што не се предвидени со Програмата за остварување на научно-истражувачката дејност, технолошкиот развој и техничката култура во Република Македонија за 2005 година или одобрување на истите по постапка или во висина што не е во согласност со истата исплатени се 679 илјади денари ;
- за печатење на книги и учебници кои не се одобрени со Одлуката за доделување на средства за учество во финансирањето на печатарските трошоци на научните трудови за 2004 ниту се исполнети условите во согласност со Правилникот за утврдување на условите и критериумите за доделување на средства за поттикнување и помагање на научно-истражувачката дејност.исплатени се 140 илјади денари Исплатата по овие основи е извршена врз основа на Решенија донесени од страна на Министерот и  станува збор за дела кои според називот не упатуваат на научен труд или научно списание како збирка задачи по математика за 7-мо и 8-мо одделение, издржливост како физичко својство кај фудбалерите, списание Universitas, студентски информатор;

11.5.2. Средствата во износ од 4.875 илјади денари, наведени во точката 11.1.3. што претставуваат исплати врз основа на одлуки на министерот истовремено се и ненаменски потрошени средства.

11.5.3. Министерството за образование и наука при ревизијата на јавните набавки за 2005 година не ги испочитувало до крај одредбите од Законот за јавни набавки  или воопшто не спровело постапка за јавна набавка во следните случаи:

11.5.3.1. Реализирани набавки во вкупен износ од 1.854 илјади денари без спроведена постапка, што подразбира донесување на решение за потребата од набавка, утврдување на видот на постапката и решение за избор на најповолен понудувач.Неспроведувањето на

постапки во согласност со Законот за јавни набавки со што не е обезбедена транспарентност и јавност на набавката, а заради фаворизирање на одредени добавувачи има за ефект набавки на стоки и услуги по повисоки цени.

11.5.3.2. За дел од набавките спроведени со постапка на преговарање, Министерството, спротивно на член 84 од Законот за јавни набавки, склучило договори во вкупен износ од 5.011 илјади денари без да добие од Министерството за финансии потврда за обезбедени финансиски средства и согласност за пристапување за склучување договор. Договорите склучени спротивно на наведениот член се сметаат за ништовни.

11.5.3.3. Реализирани се повеќепати ист тип на набавки од мала вредност што е спротивно на член 72 став 2 од Законот за јавни набавки, односно, набавувачот може да изврши набавка само еднаш во текот на годината за одреден вид или група на стоки, услуги и работи со што е повредена транспарентоста во спроведување на набавките. Реализираните набавки на услуги за воспставување на компјутерска мрежа/поврзување изнесуваат вкупно 860 илјади денари дадени додека реализираните набавки за вршење на стручно-технички надзор над градежни и градежно-технички работи кај основните училшта не можеме да го квантифицираме бидејки истите се во висина на процент од склучените договори за градежни работи .

Непочитувањето на Законот за јавни набавки и неспроведувањето на соодветни постапки наведени во точката 11.5.3 предизвикува ненаменско и незаконско користење на средства, набавки по повисоки цени, необезбедување на јавност, транспарентност и фер конкуренција меѓу добавувачите

**Препораки и мерки:**

1. Министерот на Министерството за образование и наука да одобрува исплати на средства исклучиво за намените и во висина на износите одобрени од Буџетот на РМ според постапки и критериуми утрдени во законските прописи што ја третираат конкретната проблематика.
2. Сите потреби за набавки во Министерството за образование и наука да се реализираат преку Комисијата за јавни набавки и со спроведување на соодветни постапки пропишани во Законот за јавни набавки.

12. Вкупен ефект од изнесените наоди во точката 11.4. е нереално и необјективно прикажување на позицијата - Постојани средства во Билансот на состојба и во точките 11.5 ненеменско и незаконско користење на средства во износ од 15.952 илјади денари.

13. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точката 11.2 и 11.4. ние не изразуваме мислење за вистинитоста и објективноста на Билансот на состојба на Министерството за образование и наука на ден 31. Декември.2005 година. Резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум е во согласност со важечката законска регулатива.

14. Според наше мислење, освен за изнесеното во точките 11.1. и 11.5. кај Министерството за образование и наука е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

15. Обрнуваме внимание дека Министерството за образование и наука во месец април 2005 година има поднесено противтужба за поврат на повеке исплатени средства во износ од 18.571 илјада денари од Евронационал транс-ДООЕЛ Охрид, што може да бидат приход на министерството во наредниот период. Основот за поднесената противтужба е раскинување на договорот со изведувачот поради неисполнување на обврските по договорот за изградба на нов училишен објект за потребите на МУЦ Никола Штејн –Тетово во однос на утврдените рокови за завршување на градежните работи.

16. Министерството за образование и наука на 24.12.2003 година склучило договор со Комерцијално инвестициона банка А.Д.Куманово за купување на деловен објект со површина од 3080 м2 во вкупен износ од 64.900 илјади денари. Со Одлука на Владата на РМ од 22.12.2003 година одобрени се 45.000 илјади денари за купување на деловен објект и со Заклучок на Владата од 26.04.2004 година дополнително се одобрени уште 10.000 илјади денари за плакање на ДДВ, што не го покрива договорениот износ. И покрај тоа што со одредбите од членот 2 на Договорот е предвидено дека вредноста на сумата ке се намали доколку се утврди дека дел од деловната зграда не е во сопственост на Комерцијално инвестициона банка - Куманово, Министерството за образование и наука не склучило анекс на договорот по Известувањето на Агенцијата на РМ за приватизација дека банката е сопственик на помала површина од 358 м2. Ревизијата сака да обрне внимание на претпазливост при исплатата на договорениот износ, бидејки истиот не е адекватен на површината на купениот објект.

17. **Превземени/непревземени мерки од страна на субјектот по основ на препораките дадени во ревизорскиот извештај за 2003 година.**

    1. Министерството за образование и наука постапило по препораките дадени во извештајот за извршената ревизија за 2003 година, а кои се однесуваат на:формирање на организационен дел за внатрешна ревизија, вршење на физички попис на материјалните средства и известувањето на единките корисници за издатоците за градење и за издатоците за реконструкција кои ја зголемуваат вредноста на градежните објекти за да ја евидентираат во нивната сметководствена евиденција.

    За наодите утврдени во точките од 11.1.8, 11.2, 11.3.1, 11.4 и 11.5 од овој Извештај кои се констатирани и во ревизорскиот извештај за 2003 година не се превземени мерки од страна на субјектот.

**Овластен државен ревизор**
**Танка Блажевска**

**Скопје, 26.06.2006 година** _________________

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 1.212.213 | 969.912 |
| **Вкупно приходи** | **1.212.213** | **969.912** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 109.049 | 101.660 |
| Резерви и недефинирани расходи | 307 | 5.460 |
| Стоки и услуги | 295.267 | 390.090 |
| Тековни трансфери до единиците за локална самоуправа | 329.797 | 305.416 |
| Субвенции и трансфери | 173.372 | 2.750 |
| **Вкупно тековни расходи** | **907.792** | **805.376** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 304.421 | 164.536 |
| **Вкупно капитални расходи** | **304.421** | **164.536** |
| **Вкупно расходи** | **1.212.213** | **969.912** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 540 | 582 |
| Активни временски разграничувања | 6.430 | 4.940 |
| **Вкупно тековни средства** | **6.970** | **5.522** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 165.155 | 169.038 |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и | 724.628 | 640.876 |
| **Вкупно постојани средства** | **889.783** | **809.914** |
| **Вкупна актива** | **896.753** | **815.436** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Пасивни временски разграничувања | 6.970 | 5.522 |
| **Вкупно тековни обврски** | **6.970** | **5.522** |
| **Долгорочни обврски** | **724.628** | **640.876** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 165.155 | 169.038 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **165.155** | **169.038** |
| **Вкупна пасива** | **896.753** | **815.436** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2005 ГОДИНА

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал |
|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **169.038** |
| **Зголемување по основ на:** | **1.689** |
| Набавки | 1.689 |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - |
| Ревалоризација на капитални средства | - |
| **Намалување по основ на:** | **5.572** |
| Отпис на капитални средства | - |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | - |
| Амортизација | 5.572 |
| **Состојба 31.12.2005 година** | **165.155** |